**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2021 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): трет квартал на 2021 година

- Во третото тримесечје на 2021 година, **состојбата на вкупните средства на останатите финансиските институции изнесува 157.803 милиони денари,** што претставува зголемување од 5.215 милиони денари, на квартална основа. **Од аспект на структурата на средствата,** доминантно учество од 65,1% имаат пензиските фондови, а по нив следуваат осигурителните друштва, со учество од 18,4%.

- Во третиот квартал на 2021 година, **кварталната и годишната стапка на раст на вкупните средства на останатите финансиски институции (ОФИ) изнесува 3,4% и 17,7**%, соодветно, во најголем дел како резултат на растот на средствата на пензиските фондови, при позитивни движења забележани и кај средствата на останатите потсектори на ОФИ.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | Кв.3 2020 | Кв.2 2021 | Кв.3 2021 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.3 2021/Кв.2 2021 | | Кв.3 2021/Кв.3 2020 | | |
| | Состојби, во милиони денари | | | милиони денари | % | милиони денари | % | % |
| **1. Останати финансиски институции** | **134,107** | **152,588** | **157,803** | **5,215** | **3.4** | **23,696** | **17.7** | **100** |
| 1.2 Пензиски фондови | 84,947 | 99,424 | 102,768 | 3,345 | 3.4 | 17,821 | 21.0 | 65.1 |
| 1.1 Осигурителни друштва | 27,045 | 28,813 | 29,103 | 290 | 1.0 | 2,058 | 7.6 | 18.4 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 9,451 | 10,118 | 10,632 | 514 | 5.1 | 1,181 | 12.5 | 6.7 |
| 1.4 Други ОФИ | 12,663 | 14,233 | 15,299 | 1,066 | 7.5 | 2,636 | 20.8 | 9.7 |
| 1.4.1 Финансиски друштва | 4,693 | 5,864 | 6,615 | 752 | 12.8 | 1,923 | 41.0 | 4.2 |
| 1.4.2 Лизинг друштва | 6,182 | 6,478 | 6,684 | 206 | 3.2 | 503 | 8.1 | 4.2 |
| 1.4.3 Друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови | 1,789 | 1,892 | 1,999 | 108 | 5.7 | 211 | 11.8 | 1.3 |

Извор: НБРСМ.

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за прввиот квартал на 2018 година заради примената на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари" се прераспределени во категоријата „странска валута". Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, којашто наместо во капиталот се прикажува во рамки на категоријата „останати обврски". За повеќе информации види на следнава врска: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf.

[3] За потребите на ова соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

- **Средствата на ОФИ** во најголем дел се однесуваат на вложувања во должнички хартии од вредност[4] (учество од 49,9%), сопственички хартии од вредност (учество од 24,5%) и валути и депозити (учество од 11,7%). Најголем дел од **обврските на ОФИ** им припаѓаат на техничките резерви на осигурување[5], како и на капиталните сметки[6] (учество од 55,9% и 35,5%, соодветно).

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв. 3 2021

| | Вкупно ОФИ | | Пензиски фондови | | Осигурителни друштва | | Инвестициски фондови | | Други ОФИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **157,803** | | **102,768** | | **29,103** | | **10,632** | | **15,299** | |
| Валути и депозити | 18,490 | **11.7** | 7,773 | 7.6 | 6,234 | 21.4 | 3,381 | 31.8 | 1,101 | 7.2 |
| Хартии од вредност различни од акции | 78,754 | **49.9** | 62,551 | 60.9 | 12,114 | 41.6 | 3,113 | 29.3 | 975 | 6.4 |
| Кредити | 11,141 | **7.1** | 0 | - | 181 | 0.6 | 5 | 0.0 | 10,956 | 71.6 |
| Акции и останат сопственички капитал | 38,590 | **24.5** | 32,332 | 31.5 | 2,044 | 7.0 | 4,114 | 38.7 | 100 | 0.7 |
| Технички резерви на осигурување | 2,135 | **1.4** | 0 | - | 2,135 | 7.3 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 1 | - | 0 | - | 0 | - | 1 | - | 0 | - |
| Останати средства | 5,702 | **3.6** | 112 | 0.1 | 4,987 | 17.1 | 18 | 0.2 | 585 | 3.8 |
| Нефинансиски средства | 2,991 | **1.9** | 0 | - | 1,409 | 4.8 | 0 | - | 1,582 | 10.3 |
| **Вкупни обврски** | **157,803** | | **102,768** | | **29,103** | | **10,632** | | **15,299** | |
| Кредити | 8,155 | **5.2** | 0 | - | 27 | 0.1 | 0 | - | 8,128 | 53.1 |
| Технички резерви на осигурување | 88,180 | **55.9** | 70,636 | 68.7 | 17,544 | 60.3 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 5,442 | **3.4** | 223 | 0.2 | 2,866 | 9.8 | 62 | 0.6 | 2,292 | 15.0 |
| Капитални сметки | 56,026 | **35.5** | 31,909 | 31.0 | 8,667 | 29.8 | 10,570 | 99.4 | 4,880 | 31.9 |

Извор: НБРСМ.

- **Анализирано по инструменти,** главен двигател на кварталниот и годишниот раст се должничките хартии од вредност, со дополнителен позитивен придонес и на сопственичките хартии од вредност, а во услови на пад на валутите и депозитите. На страна на обврските, растот по двете основи во најголем дел се објаснува со повисоките технички резерви на осигурување и капитални сметки.

---

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиските инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.

[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).

[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.







Извор: НБРСМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- **Средствата на пензиските фондови (задолжителни и доброволни),** во третиот квартал, се зголемија за 3,4% на квартална основа и 21,0% на годишна основа. Гледано по инструменти, растот на квартална и годишна основа главно е поттикнат од вложувањата во должнички државни хартии од вредност, но и од вложувањата во сопственички хартии од вредност на нерезиденти, при пад кај валутите и депозитите. На страната на обврските, кварталниот и годишниот раст главно произлегува од зголемените технички резерви и капиталните сметки.




Извор: НБРСМ.

- **Средствата на осигурителните друштва**[7], овој квартал, остварија раст од 1,0% на квартално ниво. Споредено со истиот период минатата година, средствата на овој потсектор се повисоки за 7,6%. Анализирано по инструменти, главен двигател на кварталниот раст се должничките хартии од вредност, со дополнителен позитивен придонес и на сопственичките хартии од вредност, а во услови на благ пад кај техничките резерви на осигурување. Годишниот раст во најголем дел се должи на вложувањата во должнички хартии од вредност, а позитивно влијание имаат и останатите побарувања и сопственичките хартии од вредност. На страната на обврските, кварталниот раст е одраз на зголемените капитални сметки и на техничките резерви на осигурување, во услови на пад кај останатите обврски. Годишниот раст во најголем дел е поттикнат од техничките резерви на осигурување.




Извор: НБРСМ.

- Во третиот квартал, **вкупните средства на инвестициските фондови[8,9],** забележаа квартално зголемување од 5,1%, како резултат на повисоките инвестирања во сопственички и должнички хартии од вредност. Годишниот раст од 12,5% во поголем дел произлегува од вложувањата во сопственички хартии од вредност, при позитивен придонес и на должничките хартии од вредност, а во услови на остварен пад кај валутите и депозитите. На страната на обврските, кварталниот и годишниот раст во целост е резултат на повисоките капитални сметки (пред сè поради сопственичките вложувања и остварената добивка од тековната година).

[7] НБРСМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.
[8] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), тековно се опфатени дваесет отворени и тринаесет приватни инвестициски фондови, при што НБРСМ ја известуваат триесет и еден фонд.
[9] Заклучно со третиот квартал на 2021 година во сериите на податоци се вклучени два нови инвестициски фонда.




Извор: НБРСМ.

- **Вкупните средства на другите ОФИ**[10,11,12] остварија квартално и годишно зголемување од 7,5% и 20,8%, соодветно. Овој квартал, вкупната кредитна активност на финансиските и лизинг друштвата, достигна 10.938 милиони денари (5.939 милиони денари се однесуваат на финансиските друштва, а 4.999 милиони денари на лизинг друштвата). Кварталниот и годишниот раст од 9,0% и 27,1%, соодветно, пред сè се должи на зголеменото кредитирање на финансиските друштва. На страна на обврските, најголем придонес кон растот по двете основи имаат обврските по основ на кредити, а во помал дел и капиталните сметки (поради добивката од тековната година).




Извор: НБРСМ.

---

[10] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени дваесет и осум финансиски друштва и седум друштва даватели на финансиски лизинг.

[11] Во четвртиот квартал на 2017 година во сериите податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница којашто се пререгистрира во финансиско друштво), промена којашто има влијание врз годишните стапки на промена.

[12] Заклучно со третиот квартал на 2021 година во сериите на податоци се вклучени две нови финансиски друштва.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Ревизии на податоци**

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат ревизии на податоците за периодот од четвртиот квартал 2020 година до третиот квартал од 2021 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите, како и подобар опфат на известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции http://nbrm.mk/ns-newsarticle-bilans-i-pregledi-na-finansiskite-institucii-kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошки измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 28 февруари 2022 година (референтен пресек заклучно со четврт квартал на 2021 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).